# Извадок на дел од дневни настани 25.01.2024

На 24.01.2024 во 20.00 часот на автопатот А1, Неготино – Градско, во близина на клучка Неготино, полициски службеници од Мобилната единица за компезаторни мерки во Одделот за гранични работи и миграции во Биро за јавна безбедност лишиле од слобода малолетник од с.Студеничани, скопско. При контрола во патничко возило „фиат стило" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени осум лица мигранти од Сирија, од кои еден малолетник. Во 20.05 часот на автопат А1, во близина на локалитет „Стоби", друг тим на Мобилната единица ги лишиле од слобода Е.Д.(30) и 46-годишната Е.Ш., двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека со патничко возило „фолксваген голф " со скопски регистарски ознаки, кое го управувал Е.Д., биле претходница на возилото „фиат" во кое се превезувале мигранти.
Лицата биле приведени во полициска станица, а мигрантите биле спроведени во прифатно-транзитен центар за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 24.01.2024 во 16.55 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Т.(42) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.01.2024 во 14.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници ја привеле А.Т.(47) од Скопје затоа што при извршена пасошка контрола и проверка било констатирано дека во оперативна евиденција евидирала со мерка „апси". Таа била предадена на полициски службеници за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (24.01.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 148 возачи. Од нив, шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 75 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 73 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (24.01.2024) продолжи со акциските контроли во областа на сообраќајот. Само на територијата на град Скопје изречени се вкупно 179 мерки, меѓу кои 20 за непочитување на брзината на движење, 13 за возење без возачка дозвола, пет мерки за поминување на црвено светло на затворен семафор, 15 мерки за користење на мобилен телефон...

На 24.01.2024 во 16.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, патничко моторно возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Х.Е.(23) од с.Визбегово, удрило во велосипед управуван од Р.Р.С.(49) од с.Визбегово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Р.Р.С. констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.01.2024 во 11.30 часот во ОВР Гостивар, 50 -годишниот гостиварец Ќ.И. пријавил дека во гостиварско Здуње бил каснат од куче скитник.

На 24.01.2024 во 13.20 часот во СВР Куманово, Г.И. (65) од Куманово пријавила дека на булеварот „Трета македонска ударна бригада" била касната од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против З.Ј.(28) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 10.08.2023 во Велес, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и стебло и повеќе гранчиња од растението канабис.

Одделението за внатрешни работи Кавадарци поднесе кривична пријава против А.М.(43) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 19.01.2023 во Кавадарци, полициски службеници го затекнале пријавениот како на едно лице му продава хероин, кој бил пронајден и одземен. Подоцна, при претрес во домот на пријавениот, исто така, бил пронајден и одземен хероин.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против З.М.(42) од село Колешино, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.09.2023 во село Свидовица, струмичко, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, во кое било лице од село Секирник, струмичко, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавил од пријавениот.

На 24.01.2024 во 14.00 часот во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево ја лишиле од слобода М.С.(34) од Кичево. Таа, со грубо запоставување на својата родителска должност за грижа и воспитување, целосно ја запуштила својата малолетна ќерка, за што бил известен Центарот за социјални работи од Кичево. По извршени консултации со јавен обвинител, се преземаат мерки за расчистување на настанот, по што против М.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.01.2024 во 18.00 часот во СВР Скопје, В.Ѓ.(42) од с.Кадино, општина Илинден, пријавил дека во селото бил физички нападнат од Д.П. од с.Марино, општина Илинден. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.01.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, А.А.(24) од с.Волково, скопско, пријавил дека на паркинг простор пред угостителски објект на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од Д.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.01.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје, И.Т.(49) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Гази Баба неговиот малолетен син бил физички нападнат од М.Т.(54) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.01.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во шума во близина на с.Јаболце, општина Сопиште, бил пронајден починат Т.А.(64) од с.Јаболце. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 24.01.2024 во 21.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.55 часот во менувачница на подрачје на општина Аеродром – Скопје, две лица со употреба на физичка сила над вработената одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.01.2023 во 10.40 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник М.А.(16), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 24.01.2024 во ОВР Кичево, Б.П.(57), А.Н.(45) и С.Д.(30), сите од Кичево, пријавиле дека на улиците „Рудничка" и „Магистрален пат" во Кичево биле каснати од кучиња скитници.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ф.И.(66) од село Долгаш, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". Тој, на 11.01.2024 на спортско игралиште во селото Долгаш физички нападнал малолетничка.

СВР Тетово поднесе кривична пријава двајца малолетници од село Туденце, општина Јегуновце и од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 01.01.2024 во село Туденце, пријавените физички нападнале малолетник од Тетово, при што употребиле тврд предмет и му нанеле повреди.

На 24.01.2024 во 22.25 часот во тетовска Брвеница, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 43-годишниот Ј.Ј. од ова село затоа што на неговата семејна веселба околу 21.15 часот било пукано со огнено оружје, при што еден заталкан проектил завршил во куќата на 81-годишниот соселанец С.Т. и причинил оштетувања на дел од објектот. Нема повредени лица, извршен е увид, а Ј.Ј. е задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот.

На 25.01.2024 во 02.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Ѓорче Петров – Скопје настанал пожар во патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, сопственост на В.П.(35) од Скопје. Од пожарот било зафатено и патничко возило „јагуар" со скопски регистарски ознаки на истиот сопственик. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 24.01.2024 во 22.50 часот во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека во продажен објект на подрачје на Бит Пазар – Скопје, две лица со закана кон вработениот одзеле пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.А.(49) и М.А.(54), двајцата од село Ларце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,загрозување на сигурноста''. На 28.11.2023 за време на манифестација во спортска сала во Тетово, пријавените упатиле закани на Н.А..



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет